**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

ул. Балзакова бр. 32 Скопје
(02) 3246 822

**ИЗВЕШТАЈ**
**од петнаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ
**одржана на ден 07.08.2020 година**
преку платформата Zoom

На **петнаесеттата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа 14 членови**.
На седницата оправдано беше отсутен д-р Арбен Асани.
На седницата присуствуваше и Претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.**
Седницата започна во **13:30 часот**, а истата ја отвори Претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими, со читање на Предлог-дневниот ред.
Предложениот дневен ред беше ставен на гласање, при што истиот беше **едногласно усвоен** и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

**1. Разгледување и усвојување на Предлог - дневен ред;**
**2. Разгледување и усвојување на Записник од 14-та седница на Извршниот одбор на СКМ;**
**3. Активности на Комората во изминатиот период од последната седница на ИО на СКМ;**
**4. Разно.**

**1. Разгледување и усвојување на Предлог - дневен ред**
По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**2. Разгледување и усвојување на Записник од 14-та седница на Извршниот одбор, одржан на ден 03.06.2020 година**

По однос на записникот од претходната седница на Извршниот одбор, истиот беше едногласно усвоен со забелешка од д-р Гагалески, по што Извршниот одбор донесе заклучок, докторот да испрати писмена измена која ќе се внесе во записникот. Со забелешката на д-р Гагалески, записникот беше едногласно усвоен.

**3. Активности на Комората во изминатиот период од последната седница на ИО на СКМ**

По однос на оваа точка, збор зеде **Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Маријан Денковски, кој најпрво ги информираше членовите на Извршниот одбор** дека Стоматолошката комора на Македонија во месец јуни не работеше од причина што двајца вработени во Стручната служба на Комората беа позитивни на вирусот Ковид – 19, додека другите вработени беа во самоизолација. Потоа во однос на заклучоците од претходната седница на ИО информираше дека се уште се чека на одговори од Владата на РМ, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. Во однос на Правилникот за полагање на

стручен испит кој е веќе изгласан на Собрание на СКМ, д-р Денковски кажа дека е потпишана согласност од страна на министерот за здравство и истиот е објавен во Службен весник на РСМ.

Со активностите поврзани со ФЗОРСМ и договорите, како и другите витални прашања се очекува почеток на работа на комисиите за казни каде комората има номинирано членови и за чии работи е договорено со Фондот при изрекување на казни да се оди со што поминимални казни и дека очекуваме Фондот тоа да го почитува. Понатаму, со Секторот на контрола на Фондот е договорено да се добие листа на сите доктори /ординации кои за време на период од 30.03.-13.05.2020 година, не само што работеле, а не требало туку и неколегијално и неетички превземале пациенти, за што во Комората се стигнати многу барања за постапување проив тие членови и истата постапка ќе ја започне Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија.

Понатаму д-р Денковски истакна дека до Комората се пристигнати барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на д-р Дафина Богеска и д-р Круме Чесноски и тоа истите оние прашања кои веќе на Собрание им биле одговорени. Како информација д-р Денковски го инфрмираше ИО дека се може да разбере, но не може да го разбере однесувањето на двајцата посочени доктори и тоа што, во случајот д-р Богеска од неразбирливи причини во ист ден кога поднесува барање до Стоматолошка комора на Македонија, на 04.08.2020 година, поднесува и жалба до Агенцијата за пристап на иформации од јавен карактер дека Комората не и одговара на барањето. Од друга страна, д-р Чесноски и покрај одговор и молба во законскиот рок да има разбирање поради фактот што Комората не работеше и што вработените се позитивни на Ковид 19 и со решение се на лекување, додека останатите се во самоизолација и дека кога истите се вратат на работа ќе му се одговори, докторот сепак поднел жалба до Агенцијата.

Исто така информираше и дека поради времените мерки и годишните одмори во моментот Комората има само еден вработен. Информираше и дека стручните испити се започнати за прв пат во 2020 година, по нов правилник, но и дека ќе се одржуваат во наредните неколку дена, но се по Протокол одобрен од Комисијата за заразни болести.

Во однос на договорените настани по повод 25- годишнината на СКМ и 13-тиот К4 - Конгрес за нови технологии и естетика во стоматологијата, кои беа предвидени да се одржат во Скопје во период од 29.10. до 01.11.2020 година, д-р Денковски побара од членовите на ИО да се произнесат со Одлука за одложување на настаните поради пандемијата со Ковид – 19 и немањето услови за одржување на истите.

По кратка дискусија, Извршниот одбор на СКМ едногласно донесе **ОДЛУКА за одложување** на настанот "Македонски денови на стоматологијата", прославата по повод 25-години од Основачкото собрание на Комората и традиционалниот 13-ти К4 - Конгрес за нови технологии и естетика во стоматологијата, кои беа предвидени да се одржат во Скопје, во периодот од 29.10 до 01.11.2020 година. Поради настанатата состојба со пандемијата со Ковид 19 и спречување на ширење на вирусот, **настаните се одложуваат за периодот април-мај 2021 година.**

Следната информација која ја изнесе Претседателот на Комората, д-р Денковски е дека има воедначување на начинот на постапување со Агенцијата за информации од јавен карактер, за која Правниот сектор на СКМ констатираше што недостасува, односно дека треба да се изготви Листа на информации од јавен карактер и утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација од имателот.

Извршниот одбор на СКМ едногласно донесе **ОДЛУКА** за утврдување на Листа на информации од јавен карактер и утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација од имателот на информации.

Д-р Денковски информираше дека од септември 2020 година се продолжува со Програмата за КСУ за 2020 година, при што сите организатори кои имаат пријавено настани, истите ќе ги одржат online. Со организаторите е усогласен новиот модел на евидентирање на

пасивни и активни учесници, при што сертификатите нема да се печатат и наместо докторите да ги носат во Комората, истите ќе се доставуваат и евидентираат по електронски пат. При ова организаторот, по настанот ќе доставува до Комората список со учесници (име презиме, број на лиценца и број на бар код со броеви, по што Стручната служба, врз основа на списокот ќе ги евидентира бодовите во досиејата на докторите без докторот да биде задолжен истиот да го приложува.

Во понатамошниот тек на седницата д-р Денковски информираше дека и оваа година Комората има законска обврска за спроведување на редовен стручен надзор. Д-р Денковски, со предлог редовниот стручен надзор да се одржи од 1-ви септември до 30-ти септември 2020 година додека времето е потопло и додека нема очекување за некои рестрикции од страна на Комисијата за заразни болести, а и поради состојбата со Ковид 19, Регионалните комисии да не вршат надзор во соседни региони како во изминатите години, туку во сопствениот регион.

По кратка дискусија, Извршниот одбор на СКМ едногласно донесе **ОДЛУКА** согласно ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над стручната работата на стоматолошките здравствени установи и здравствените работниции соработници за 2020 година, ќе се врши согласно одредбите од Законот за здравствена заштита и Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници.

Поради настанатата состојба со пандемијата со Ковид 19 и спречување на поголемо ширење на вирусот, се задолжуваат Регионалните комисии кои се надлежни за спроведување на Годишниот план за стручен надзор над стручната работа на стоматолошките здравствени установи и здравствените работници и соработници за 2020 година, во состав одобрен од страна на Министерството за здравство, **редовниот стручен надзор да го спроведат секој во својот регион**, како и истиот да се заврши во периодот од 01. до 30.09.2020 година.

***ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 15-ТА СЕДНИЦА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР ОДРЖАНА НА ДЕН 19.08.2020 ГОДИНА**

На продолжението од 15-та седница на Извршниот одбор одржана на ден 19.08.2020 година
присуствуваа 14 членови на Одборот.

На оваа седница не присуствуваше д-р Гагалески, а како претставник на Надзорен одбор присуствуваше и д-р Сабетим Черкези.

На почетокот од продолжението од 15-та седница на Извршниот одбор на СКМ, збор зеде Претседателот на Извршниот одбор, д-р Мирлинд Селими, кој накратко најави дека на овој состанок ќе се продолжи со работата и на ред се минималните (референтните) цени.

По кратката најава, збор зеде Претседателот на СКМ, д-р Денковски кои ги информираше членовите дека по добиената пресуда од Управниот суд за укинување на минималниот ценовник, а по упатена Жалба од страна на Државен правобранител, сега е добиена пресуда од Вишиот управен суд дека Жалбата е одбиена. Тоа значи дека со промена на Статутот на СКМ може да се врати повторно минималниот ценовник на услуги и треба во најскоро време истиот да се изготви. Д-р Денковски со предлог, членовите на ИО во своите региони да направат кратки анкети за минималните цени и во рок од две недели сумираните резултати да ги достават до Претседателот на СКМ и Претседателот на Извршниот одбор и да се разгледуваат на следната седница на ИО.

Во однос со стручните испити, д-р Денковски ги информираше членовите дека се утврдени многу грешки во базата и софтверот, односно во базата има многу прашања со различни точни одговори кои ги дава софтверот како неточни, потоа има прашања со различни точни одговори итн. и дека за жал поради тоа е можно во минатите години да има колеги кои паѓале поради базата, а не поради незнаење. Поради тоа Комората веќе е во постапка за изготвување на

комплетно нова база во соработка со сите четири акредитирани стоматолошки факултети, но ова отвара и потреба кога веќе се менува базата на прашања да се набави и нов софтвер за стручните испити. По однос на ова се разви кратка дискусија, по што членовите на Извршниот одбор едногласно донесоа **ОДЛУКА** За набавка на услуги – **изработка на софтвер за полагање на стручен испит**, како и **набавка на потребна компјутерска опрема** која ќе го поддржува истиот.

Во однос на и претходно споменатиот проблем за добиената листа на доктори од страна на Секторот контрола на ФЗОРСМ, кои работеле за време на пандемијата и запишувале пациенти како нивни матични од други доктори, иако не смееле, д-р Денковски информираше дека листата добиена од Фондот е испратена на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија, која е задолжена во најбрз рок треба да одржи седница и членовите да завземат став по однос на таа неетичка и неколегијална постапка на докторите на листата.

Во однос на средствата кои се на сметката на Комората и за кои се спомна и на претходната седница на Извршниот одбор, д-р Денковски рече дека се добиени условите од некои деловни банки и побара членовите на ИО да донесат одлука за орочување до 6 месеци или не.

По кратка дискусија, членовите на Извршниот одбор едногласно донесоа **ОДЛУКА** согласно пресметката на Секторот финансии на Комората за износот на финансиски средства кои се потребни за редовно работење на Комората за период од 6 (шест) месеци до една година, остатокот од средствата кои се на трансакциската сметка на Стоматолошката комора на Македонија **да се орочат во една од деловните банки со седиште на територијата на Република Северна Македонија, која нуди најповолни услови за орочени влогови.**

Д-р Стојановски достави предлог да се разгледа и можноста да се купи нов деловен простор бидејќи за тоа има потреба, а средствата со кои Комората располага дозволуваат да се размислува за тоа.

Новиот деловен простор би бил попрактичен и поголем од постоечкиот и ќе служи за одржување на состаноци, што во време на Ковид 19 како сегашниот е невозможно поради владините протоколи, по што детално го образложи предлогот. По предлогот имаше дискусија, по што ИО во која преовладуваше дека Комората има потреба за купување на нов, поголем деловен простор, што произлегува од потребата за одржување на состаноци со физичко присуство на поголем број членови на телата и органите на Комората во една просторија, при што ќе се почитуваат мерките и препораките за заштита од Корона вирусот донесени од Комисијата за заразни болести. Исто така, се нагласи дека е неопходен поголем простор и за полагање на стручниот испит за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, каде има потреба истовремено да бидат присутни членовите на Комисијата за полагање и кандидатите за полагање, при што ќе се почитуваат препораките и мерките за заштита од заразни болести и дека деловниот простор каде што сега е сместена Комората не е доволен за да ги задоволи потребите, како за полагање на стручниот испит, така и за одржувањето на состаноци на телата и органите на Комората, но и за работа на Стручната служба, со цел во иднина да се избегнат дополнителни трошоци за изнајмување на деловен простор за одржување на состаноци, како и за полагање на стручниот испит, при што економски поисплатливо би било Комората да поседува ваков деловен простор во своја сопственост во ситуација кога веќе Комората располага со доволни средства за таа намена.

По ова ИО донесе Одлука за формирање на комисија, која на следниот ИО ќе поднесе извештај кој ИО ќе го дискутира.

Д-р Денковски ги информираше членовите на ИО дека до Министерството за здравство е доставен допис од група делегати од Собранието на СКМ, кои ги информирале дека Правилникот за КСУ е донесен на неделовнички и противстатутарен начин. Д-р Денковски со став дека набрзо

ќе се одговори на овој допис согласно донесената Одлуката и Извештајот од таа седница кога е изгласан Правилникот.

Д-р Денковски со барање до замениците претседатели на Комората, претседателот на Извршниот одбор и Претседателот на Собрание, да се направи распоред и секој работен ден од 12 до 14 часот еден од нив да биде присутен во просториите на Комората. Врз основ на ова, членовите на Извршниот одбор донесоа **ОДЛУКА** за секојдневно присуство, во работните денови на Комората, на барем еден претставник од редот на: замениците на Претседателот на Комората; Претседателот на Собранието на СКМ, Претседателот на Надзорниот одбор и Претседателот на Извршниот одбор на Комората, или нивните заменици.

Најмалку еден претставник е должен да биде присутен во просториите на Комората, и тоа најмалку во периодот од 12-14 часот, секој работен ден.

По ова збор побара и д-р Манасиев, кој истакна дека сака да се разговара за неодговорно и некоректно однесување на член на ИО на СКМ, но ИО одлучи, поради тоа што членот за кој станува збор е отсутен, да не се разговара во негово отсуство, туку на првиот нареден ИО како точка на дневен ред, што д-р Манасиев прифати.

По завршените дискусии и донесените Одлуки, Претседателот на Извршниот одбор, д-р Селими ја затвори 15-тата седница.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *